Дневник 22-I 2000 сабота

# Стапици

**Ако некој мислел дека само реал-социјализмот бил мајстор за делење рецепти дури и за науката и уметноста, сега може да се увери дека тој сѐ уште има длабоки корени кај нас!**

ЗЛАТКО ТЕОДОСИЕВСКИ

Оваа серија написи за очигледните култ-урни стапици што ги демнат составувачите на идната Национална програма за културата, се чини иритира многумина. Некои дури почнаа да си измислуваат и псевдоними (на пример „Маре Н. Поповска“, па некој д-р, којзнае каков, итн.) за да го бранат сѐ уште присутниот ждановистички начин на мислење на културата. Но, и тоа е типично наша реакција: ако е лошо, ама - наше е!

Од друга страна, Советот за култура полека се раситнува - едни си одат, други којзнае дали ќе дојдат - така што навистина излегува бесполезно воопшто и да се размислува за културата, а камоли за некаква национална програма.

Како и да е, пред министерот, но и пред Советот стојат-демнат уште неколку стапици, камуфлирани како задолжителни точки за подготвувањето на таа програма. На пример:

Точката 5 бара во програмата да се утврдат „принципите и целите на меѓународната културна соработка“. Е сега, од каде оваа меѓународна културна соработка испаѓа толку важна, а во Министерството за култура се укина Секторот за меѓународна соработка? Но, да речеме дека тоа не е толку битно. Сепак, да утврдиме „принципи и цели“, а особено во „меѓународната културна соработка“ мора да појдете од некакви основни принципи и цели во меѓународната соработка на државата како целина. Од кои, каде се запишани, кој ги усвоил...? Порано имаше еден принцип: еквидистанца; денес: позитивна енергија, но на тоа не може да се изгради цела стратегија за меѓународната културна соработка! Кој и како ќе ги измислува овие принципи и цели? А кој, пак, ќе ги спроведува? Сериозните европски држави формирале цела редица парадржавни агенции, совети, институти... чија основна функција е меѓународната културна соработка, а ние уште не си ги знаеме принципите и целите!?

Ако сите претходни точки беа од ракав истресени флоскули што ниту нешто кажуваат ниту може да се формулираат поради претходни непознавања, точката 6 е сосема конкретна, значајна, и повторно (за жал) - нерешлива! Точката, имено, бара да се утврди „проекција на потребите од кадри за културата“, и така напишано звучи многу логично и содржајно, освен што кај нас, во и онака пренаселените културни институции, никој жив не може да ви каже какви кадри им се потребни. На страна фактот што тие што претежно ги „произведуваат“ овие кадри (уметничките средни училишта и академиите) целосно спаѓаат во образованиот корпус, што ќе рече дека подлежат на други стандарди, друга политика...! Едновремено, такви и слични „проекции“ се прават веќе петнаесетина години (уште во времето на некогашниот Републички комитет за култура) и ниту една не дала никаков резултат. (Ако добро паметам, иако има повеќе од две-тринаесет години, тогашниот Републички комитет за култура утврди дека македонската култура има вишок историчари на уметноста. Беа „пресметани“ сите вработени во институциите, па сите што по пет, шест или десет години чекаа во Заводот за вработување и... излезе дека соодветната Катедра за историја на уметноста - треба да се затвори барем за период од 7-8 години. Се разбира, тоа решение ќе беше глупаво!).

Точката 7 е посебен „бисер“ во низата, зашто одеднаш се сеќава дека нешто недостига, нешто големо фали за воопшто да може да се размислува за културата во Македонија, а камоли за правење некаква национална програма. Оваа точка, имено, бара од некого да ги утврди „насоките за културолошки истражувања“. Браво: тоа што треба да претходи, кај нас доаѓа - на крај! А како без овие културолошки истражувања ќе се подготват сите претходни точки, почнувајќи од „целите и приоритетите“, преку „организацијата и мрежата...“, па „мерките за развој на културата“... итн? Од друга страна, кому би биле наменети овие „насоки...“ што ги бара оваа точка=стапица кога во Македонија никој не се занимава со ваков тип културолошки истражувања? Дури и да има поединци кои се заинтересирани за нив, зарем ќе чекаат некој да им даде/постави насоки што и како да истражуваат, проучуваат, пишуваат...? И кога еднаш ќе ги добијат, веднаш ќе се фрлат на работа? Културолошките истражувања се стручно-научни истражувања на прашањето на културата како целина или на нејзини сегменти, а во таков тип истражувања никој никому не може да му утврдува „насоки“. А што ако некое идно проучување не се вклопува во дадените „насоки“? Нема да се смета за валидно? Ако некој мислел дека само реал-социјализмот бил мајстор за делење рецепти дури и за науката и уметноста, сега може да се увери дека тој сѐ уште кај нас има длабоки корени!

Но, како и да е, потенцијалната програма чека да биде „смислена“, а законски наметнатите стапици сега веќе не можат да се избегнуваат. Премногу е доцна, така што можат само да се премостуваат и да се внимава да не се загуби некој екстремитет. Зашто, едноставно, со глупоста не може да се справат ниту интелигенцијата ниту мудроста ниту знаењето. Сепак, најлошата можна варијанта од сите три државни инстанци задолжени за оваа програма (Министерството, Советот - Владата - Парламентот) би била линијата на помал отпор, жалопојки, список на добри желби..., однапред осудени на неуспех. На таа карта, всушност, и игра култ-урата: сѐ да се менува, но сепак да остане - по старо! Тој театар го гледаме веќе којзнае колку децении.

(Авторот е историчар на уметноста)